# З А П И С Н И К
## Од Осумнаесетата седница на Програмскиот совет на МРТ
## одржана на 20.11.2025 година, во 10:45 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на шеснаесетата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Баким Лачи, Ивана Ефремовски, Томислав Кежаровски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Лазо Трпков, Миле Грозданоски, Музбајдин Ќамиљи, Маја Седрак, Владимир Палашевски и Марјан Велевски.*

Он-лајн ја следеа седницата: *Билјана Бабиќ.*

Други присутни на седницата: *Марјан Цветковски Директор на МРТ, Орце Тодоровски Помошник Директор на МРТ, Горан Атанасов Директор на Заеднички функции и администрација, Слаѓана Миливојевиќ Претседател на Синдикалната организација при МРТ, Љубица Пуцаревиќ член на Синдикалната организација при МРТ, Дејан Крајчевски член на Синдикалната организација при МРТ, Павле Беловски Претседател на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници ССНМ, Марина Стојановска Тонева Претседател на синдикалната група на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници ССНМ при МРТ, Наталија Зафировска член на координативното тело на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници ССНМ, Перо Момировски проект координатор на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници ССНМ, Флора Камбери член на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници ССНМ и Билјана Тодоровиќ Горгиевска член на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници ССНМ.*

Осумнаесетата седница на Програмскиот совет започна во 11:05 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Осумнаесетата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 17-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Средба со синдикални претставници при МРТ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ,**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 17-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски ја отвори Осумнаесетата седница на Програмскиот совет на МРТ со тоа што најпрво го прочита текстот на Предлог-записникот од Седумнаесетата седница на Програмскиот совет, по што текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Средба со синдикални претставници при МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски најнапред ги поздрави претставниците на Синдикалната организација при МРТ и изрази задоволство за одржување на оваа средба. Тој истакна дека како Програмски совет, високо ја ценат улогата на синдикатите во унапредување на условите за работа и во обезбедување професионален јавен сервис. Тој е убеден дека редовната комуникација и отворениот дијалог се неопходни за успешно решавање на предизвиците со кои се соочуваат вработените во МРТ.
Претседателот ги запозна со тоа дека во престојниот период, Советот ќе работи врз неколку јасни и стратешки приоритети кои директно се однесуваат на работните услови и стабилноста на јавниот сервис.
Прво, технолошката модернизација останува еден од главните сегменти – обновување на опремата, подобрување на продукциските капацитети и техничката инфраструктура, што е клучно за секојдневната работа на вработените.
Второ, дигиталната трансформација ќе овозможи модерни алатки, поефикасни процеси и подобра организација.
Трето, финансиската стабилност и планското инвестирање се неопходни за создавање подобри услови за работа. Во согласност со член 105 од Законот, МРТ може да се побара дополнителни средства за технички и програмски развој – инструмент за кој пред релевантните институции ќе се залагаат да се користи со цел да се обезбедат стабилни ресурси и долгорочно планирање.
Истовремено, ќе се започне со иницијатива за изработка на нов Закон за МРТ, кој треба да обезбеди поголема институционална автономија и јасно утврдени надлежности, со што ќе се создадат услови за поефикасно организирање на работните процеси.

Особено внимание ќе биде посветено на дописничката мрежа – модернизација на капацитетите, подобрување на кадровската поставеност и трансформација во редовен работен однос таму каде што е потребно. Овој сегмент е од клучно значење и за подигнување на квалитетот на програмските содржини и за обезбедување стабилна и професионално поставена работна структура.

Понатаму, тој рече дека ќе продолжат со унапредување на етичките стандарди, преку подготовка на нов Етички кодекс со цел појасна организација, повисоки стандарди и јасно поставени очекувања во професионалното работење, како и нивно усогласување со современите околности и динамиката во медиумската сфера.

Клучен е и сегментот на статусот на новинарите, уредниците, давателите на услуги и сите останати вработени, каде што ќе се залагаат на воспоставување јасни постапки и поедноставени административни процедури.

Програмскиот совет ќе се фокусира и на изработка на Новата стратегија преку која ќе се дефинираат чекорите, роковите и ресурсите потребни за модернизација, дигитална трансформација и унапредување на работните услови. Таа ќе биде финансиски одржлива и ќе овозможи предвидлива рамка за развој на јавниот сервис.

Воедно, Програмскиот совет беше запознаен со реалните состојби на терен преку обиколка на студијата, редакциите и продукциските простории. Овој увид помогна да се идентификуваат приоритетите за модернизација, како и конкретните потреби кои ќе бидат составен дел од новата петгодишна стратегија.

Според член 74 од Статутот, Советот е надлежен за донесување на општите акти, кои се предлагаат од страна на директорот на МРТ. Веќе е утврдено кои од нив се приоритетни за доработка, усогласување и дополнително уредување.

На средбата беше информирано дека Програмскиот совет, врз основа на доставената документација и согласно релевантните законски критериуми, ја потврди репрезентативноста на ССНМ. Притоа беше изразено очекување дека ќе се воспостави конструктивен дијалог меѓу двете синдикални организации, Програмскиот совет и менаџментот на МРТ, со цел да се обезбеди поефикасна координација, поголема транспарентност и навремено решавање на прашањата од значење за вработените.

Тој ги охрабри претставниците на СО при МРТ да ги споделат нивните ставови, предлози и очекувања. Современ, функционален и стабилен јавен сервис може да се гради само преку заеднички напори и низ отворен дијалог.

Прва зема збор Слаѓана Миливојевиќ претседател на СО при МРТ, која искажа благодарност за поканата од Програмскиот совет и рече дека се надева на успешна соработка во периодот кој што следува. Потоа кажа дека досега, поголемиот дел од барањата кои ги имале биле успешно реализирани со Директорот на МРТ Марјан Цветковски. Воедно таа истакна дека е особено горда на Колективниот Договор кој е потпишан во 2019 година, кој како урнек го имаат преземено и други синдикални организации во јавниот сектор. Исто така, истакна и

дека се направени неколку измени во делот на плататите, коефициентите на вработените, минат труд и слично. Исто така, рече дека пред неколку години платите во МРТ биле многу ниски, но сега се солидни. Продолжи во насока дека вработените во МРТ се разликуваат од другите институции, според неа не може секој да напише текст, или да измонтира кадар. Истакна и дека се потребни нови вработувања, за да може МРТ да биде уште поуспешна институција, а воедно и дека има многу вработени со високо образование, но распоредени на работни места за средно оперативно ниво и дека тоа треба да се промени. Исто така, рече дека веќе се работи на предлог верзија за нова систематизација за МРТ, што треба да се разгледа со Директорот на МРТ. Воедно, истакна дека тие како Синдикална организација секогаш имаат некакво барање што треба да се вметне во Колективниот договор, но досега немале барање надвор од Закон. За крај, таа рече дека се надева на успешна соработка и дека тоа ќе биде од бенефит на сите зашто на крајот треба да се остави нешто што вреди.
Претседателката на Синдикалната организација при МРТ постави дополнителни прашања во врска со постапката за систематизација и статусот на одредени интерни акти, при што побара појаснувања и дополнителни информации од страна на менаџментот.

Потоа зема збор Љубица Пуцаревиќ и се согласи со плановите кои ги изнесе Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски и рече дека доколку се тоа се реализира ќе биде од голема полза за развојот на МРТ.

Потоа таа се осврна на потврдената репрезентатаивност на ССНМ и рече дека, репрезентативност може да утврди само Министерството за труд и социјална политика.
Во своето излагање, таа изнесе ставови во однос на прашањето за репрезентативноста на синдикатите, повикувајќи се на законски одредби и нагласувајќи ја потребата од појаснување на постојната состојба.
Таа истакна дека во МРТ постои само еден репрезентативен синдикат, а тоа е Синдикалната организација при МРТ, членка кон ССМ. Синдикалната организација при МРТ има свои синдикални организации запишани во тековна состојба издадена од Централниот регистар на Р. С. Македонија. Таа рече дека ССНМ е непознато лице кое доведува во заблуда и нема легитимација за да ги застапува интересите на вработените на МРТ. Исто така, рече дека во Законот за работни односи е јасно наведено како се добива репрезентативност и дека со ССНМ не може да се разговара и преговара зашто немаат репрезентативност.

Томислав Кежаровски побара збор и рече дека тој бил одблиску присутен кога се формирал ССНМ, а потоа и сведок кога Сидикатот бил примен во Европската федерација на новинари, а потоа ССНМ добил согласност и од ЗНМ.

Потоа Љубица Пуцаревиќ рече дека тука се работи по македонското законодавство, а не по европското и дека согласно нашите позитивни законски прописи ССНМ не е репрезентативен синдикат.

Повторно зема збор Томислав Кежаровски кој праша дали постои некаква пречка во МРТ да има повеќе репрезенатативни синдикати, како што има и во другите институции?

На ова збор зема и Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски кој рече дека синдикатите не треба да се гледаат како противници, бидејќи крајната цел за сите е иста. Тој рече дека ССНМ согласно Закон поднел барање до Програмскиот совет за утврдување на репрезенатативност и согласно член 212 од ЗРО го исполнил критериумот од 20% за постигнување на репрезентативност на ниво на работодавач, односно од вкупниот број на вработени 593 лица, на 135 вработени им е пресметана и задржана членарина за месец октомври.

Потоа зема збор Љубица Пуцаревиќ која истакна дека согласно член 212 од ЗРО точно е предвидено дека Синдикатот е високо здружение на повеќе синдикални организации, а согласно законските одредби ССНМ не може да бара репрезентативност во МРТ бидејќи нема Синдикални организации.

Следен зема збор Помошник директорот на МРТ, Орце Тодоровски кој рече дека ССНМ не е нов синдикат и дека тој не е организиран со синдикални организации, туку како синдикални групи.

Повторно зема збор Претседателот Давор Пашоски кој истакна дека 135 вработени по сопствена волја имаат задршка од плата, а тоа е во согласност со закон. Воедно ССНМ е регистриран во Централен регистар на Македонија како самостоен синдикат и тоа е во согласност со закон, бидејќи ЦРМ не може да регистрира нешто што е спротивно на закон. Исто така, тој рече дека фактичката состојба е согласно закон, список на вработени на кои им е пресметана членарина и Тековна состојба издадена од ЦРМ. А, дококу се замижи на фактичката состојба, во тој случај би се загушило работничкото право кое го имаат вработените. Целта е средба со синдикалните организации согласно закон, за да се постигне успешна соработка за унапредување на работничките права, како и усовршување на МРТ.

Следна зема збор Слаѓана Миливојевиќ која истакна дека ако се формира синдикат на лоша основа не може ништо да оди нагоре и дека треба да се запази формата. Продолжи дека не е проблем да постојат повеќе синдикати и дека во некои институции има и по 4-5 синдикати, тоа не претставува проблем, само што во овој случај лошо е стартувано.

Потоа зема збор Дејан Крајчевски кој е член на СО при МРТ и вработен во МРА, а говореше за ситуацијата во радиото и рече дека радиото е во незавидна ситуација и се надева дека 2026 година ќе биде година на радиото, односно дека ќе се преземат мерки да се вложи во техничкиот дел, како и кадровски да се има подобри услови за работа и поголема мотивација за поголема слушаност.

Директорот на МРТ Марјан Цветковски се согласи во врска со подобрување на техничкиот дел и рече дека во 2026 година тоа ќе се промени. Понатаму, продолжи со тоа дека

формирање на нова синдикална организација во МРТ не е поради незадоволство на вработените, бидејќи Колективниот договор е урнек за многу посериозни институции. Правата на вработените се искачени на многу повисоко ниво во последните години. Тој рече дека пред неколку години поради ниските плати никој не сакал да работи во МРТ, а сега е спротивно на тоа. Исто така тој се согласи дека во делот на коефициентот има потреба за балансирање. Се согласи со тоа дека некои од вработените треба да одат нагоре, но некои и заслужуваат да одат подолу од местото на кое се вработени.

На ова се надоврза Љубица Пуцаревиќ која истакна дека во Колективниот договор има наведени правилници, кои сеуште не се доуредени, како и тоа дека треба да се направи пречистен текст на Колективниот договор.

Повторно зема збор Дејан Крајчески кој рече дека треба да се обрне внимание на националното богатство, а тоа е архивирање и дигитализација на МРА.

Понатаму Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски им посака добредојде и на претставниците на ССНМ и изрази задоволство што покрај средбата со Синдикатот при МРТ ја одржуваат и оваа средба со ССНМ, како со партнер чија улога е од исклучително значење за унапредување на професионалните и етичките стандарди во јавниот сервис. Тој истакна дека нивниот придонес е важен во процесите на реформа, модернизација и подобрување на медиумската пракса во рамки на МРТ.

Претседателот Давор Пашоски ги запозна со тоа дека во следниот период Програмскиот совет ќе работи врз јасно поставени стратешки приоритети кои имаат директно влијание врз професионалната средина, организацијата на јавниот сервис и квалитетот на програмските содржини.

Најнапред, технолошката модернизација претставува клучен сегмент кој влијае врз продукциските стандарди, условите за новинарска работа и целокупната техничка поддршка неопходна за квалитетна и современа информативна и програмска понуда.

Потоа, дигиталната трансформација ќе овозможи унапредување и развој на нови формати, модернизација на процесите и поефикасно присуство на јавниот сервис на сите дигитални платформи.

Финансиската стабилност и планското инвестирање се неопходни за создавање подобри услови за работа и стабилен развој на МРТ. Согласно член 105 од Законот, МРТ има можност да побара дополнителни средства за технички и програмски развој – инструмент за кој пред надлежните институции Програмскиот совет ќе се залага да се користи, со цел обезбедување стабилни ресурси и долгорочно планирање.

Паралелно, ќе се иницира процес за подготовка на нов Закон за МРТ, кој треба да ја гарантира финансиската и институционална автономија, со јасно дефинирани надлежности и модел на организација кој одговара на потребите на денешната медиумска средина.

Особено значаен е и сегментот на дописничката мрежа, каде што ќе се работи на подобрување на техничките и кадровските капацитети, трансформација на работните ангажмани во редовен работен однос таму каде што постои потреба, како и создавање подобри услови за работа.

Истовремено, ќе се унапредуваат етичките стандарди, преку изработка на нов Етички кодекс со цел подигнување на професионалните стандарди, појасна организација и усогласување со современите медиумски околности.

Особено важен е и сегментот на статусот на новинарите, уредниците, давателите на услуги и сите останати вработени, каде што ќе се залагаме на воспоставување јасни постапки и поедноставени административни процедури.

Програмскиот совет ќе се посвети и на подготовка на новата стратегија која ќе ги опфати сите аспекти на програмскиот, техничко-технолошкиот и кадровскиот развој. Во рамки на оваа стратегија ќе бидат дефинирани роковите, буџетските потреби и механизмите за обезбедување дополнителни средства, согласно законската можност за поддршка на програмскиот и техничкиот развој на МРТ.

Во рамки на Годишната програма јасно е поставена целта МРТ да продолжи со трансформацијата од јавен радиодифузен во јавен медиумски сервис. Во таа насока ќе се развиваат ОТТ платформа, подкаст-формати, VR/AR содржини и засилено присуство на дигитални платформи, согласно стандардите и препораките на Европската радиодифузна унија. Ова претставува суштинска компонента и за подобрување на условите за работа на новинарите и за создавање современа и релевантна содржина.

Советот ја потврди репрезентативноста на ССНМ согласно законските прописи, што претставува важен чекор кон воспоставување појасен и поорганизиран социјален дијалог. Со тоа се создава основа за конструктивна соработка и со Синдикатот при МРТ, како и со Програмскиот совет и менаџментот, со заедничка цел – подобрување на професионалните стандарди, комуникацијата и условите за работа во јавниот сервис.

Дополнително, беше информирано и за одржаната јавна седница со еснафските и медиумските организации, на која беа претставени клучните приоритети на Советот и беа разменети ставови за реформските процеси. Ова претставува дел од напорите на Програмскиот совет за зголемена транспарентност, вклученост и отчетност во работата на јавниот сервис. Воедно, согласно член 74 од Статутот, Програмскиот совет е надлежен за донесување на општите акти, кои се предлагаат од страна на директорот на МРТ. Во таа смисла веќе е утврдено кои од овие акти се приоритетни за доработка, усогласување и дополнително уредување во наредниот период.

Тој воочи дека ССНМ има значајна улога во оформувањето на медиумското опкружување во земјата и во унапредувањето на професионалните стандарди. Ги охрабри да ги споделат нивните согледувања и предлози, со цел преку конструктивен и редовен дијалог заеднички

да се придонесе кон развојот на МРТ како модерен, независен и кредибилен јавен медиумски сервис.

Потоа му даде збор на проект координаторот на ССНМ Перо Момировски, кој искажа голема благодарност за поканата на Програмскиот совет и ги претстави присутните членови, претставници на ССНМ.

По излагањето на Претседателот Давор Пашоски збор зема Претседателот на ССНМ Павле Беловски кој забележа дека досега не нашле заеднички јазик со претходниот Програмски совет, а дека отсега се надева на успешна соработка со новиот Совет на МРТ. Тој рече дека ЗРО содржи цело поглавие што се однесува на Синдикатот, во која точно е пропишано кои услови треба да ги исполнува синдикатот за да добие репрезентативност. Воедно тој кажа дека Законот вели дека од него треба да се црпат правата и обврските за нивната работа, како и тоа дека го исполнуваат критериумот од 20% за репрезентативност. Земајќи го тоа предвид тој истакна дека имаат право да учествуваат во давање на предлози за сите прашања и одлуки поврзани со Колективниот договор, Систематизација, планови за работа и сите други работи кои се поврзани со работничките права на вработените во МРТ.

Понатаму Помошникот директор на МРТ Орце Тодоровски праша дали ССНМ е регистриран во ЦРМ и дали треба да се регистрираат синдикални групи во ЦРМ?

Претседателот на ССНМ Павле Беловски одговори дека ССНМ е регистриран синдикат на национално ниво, кој обединува новинари и медиумски работници од сите медиуми во државата. Согласно правилата за регистрација на синдикат, по основачкото Собрание документите, меѓу кои и Статутот, доставени се во Министерството за труд и социјална политика, од каде што е добиено Решение за впишување на синдикатот во регистарот на синдикати, кое заедно со други пропратни документи, меѓу кои е и Статутот, синдикатот се впишува и во Централниот регистар на РСМ.

Согласно Статутот на ССНМ за внатрешната организација на синдикатот предвидува формирање на синдикални групи во поединечните медиуми, односно на ниво на работодавач и притоа остава демократска отворена можност на самите членови од синдикалната група во рамки на еден работодавач – медиум, да формираат или да не формираат подружница. Тој дополни дека ваквиот статут е прифатен и од Министерството за труд и социјална политика и од Централниот регистар на РСМ уште од 2010 година.

Потоа зема збор Марина Стојанова Тонева која побара да бидат вклучени во одлучување за сите интерни акти кои ќе се донесуваат, Колективни договори, Систематизација и слично, односно да бидат информирани за се што ќе се работи.

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18, 1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474
www.mrt.com.mk

На ова одговори Директорот на МРТ кој рече дека ССНМ отсега ќе биде партнер заедно со СО при МРТ за се што ќе се договара и преговара, како што е Колективен договор, Систематизација и сите други акти кои се битни за МРТ.

Следна зема збор Наталија Зафировска која рече дека треба да се почне да се работи на нова или корекција на старата систематизација, како и тоа дека го поздравува новиот Закон за МРТ кој е повеќе од потребен да се донесе.

Потоа се јави за збор Флора Камбери вработена во МТВ2, која говореше за тоа дека има недостаток од кадар и дека се потребни нови вработувања, како би се решиле многу проблеми со кои тие се соочуваат.

На ова реплицираше Директорот на МРТ Марјан Цветковски, кој рече дека со новата Систематизација ќе има точна определена бројка на работни места, колку што се потребни во сите сектори.

Потоа зема збор Билјана Тодоровиќ Горгиевска вработена во МТВ4 – српска редакција, која рече дека работат во услови кои се под новинарските стандарди и дека тоа треба да се промени. Таа рече дека немаат услови за жива програма, се што имаат е снимен материјал кој го прикажуваат по неколку пати, а за тоа да се промени е потребен нов кадар. Во МТВ4 никој не е унапреден, има редакции кои немаат уредник. Таа нагласи дека бараат третман каков што имаат МТВ1 и МТВ2, со што истакна дека тоа е единствениот канал што емитува програма на пет јазици.

По ова зема збор Директорот на МРТ Марјан Цветковски кој рече дека МТВ4 има Одговорен уредник кој треба да одржува Програмски колегиум, на тој колегиум да се утврдат поголемиот дел од проблемите, а потоа да се координираат со ТВ Техника и Одделение за продуценти, за директни преноси и други работи кои се потребни за програмата.

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари за продуктивната средба и ја закажа следната седница на 01.12.2025 година во 11:00 часот.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски ја затвори Осумнаесетата седница на Програмски совет на МРТ во 13:25 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-6524/2
20.11.2025г.

______________________

Давор Пашоски